Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1316/1 од 14.04.2025 година, оформен по пријава со наводи за несоодветно постапување на Државниот просветен инспекторат, Државниот управен инспекторат и Инспекцискиот совет на РСМ, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за дел од предметните наводи нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапил надлежен инспекторат, додека наводите за мобинг, ДКСК нема надлежност да постапува.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Народен правобранител на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-1316/1 од 14.04.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, преку електронска пошта на ден 14.04.2025 година, до ДКСК поднесена е пријава со наводи за несоодветно постапување на Државниот просветен инспекторат, Државниот управен инспекторат и Инспекцискиот совет на РСМ, заради непревземени дејствија по поднесена Пријава од страна на Проф.д-р -------, врз основа на која е оформен предметот со број 12-1316/1 од 14.04.2025 година.

Подносителот исто така известува дека пријавата истовремено е доставена и до Претседателот на Владата на РСМ, Министерот за образование и наука, Директорот на Државниот просветен инспекторат, Директорот на Државниот управен инспекторат, Претседателот на Инспекцискиот совет, Основното јавно обвинителство Скопје, Основното Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Министерството за внатрешни работи на РСМ – Сектор за економски и компјутерски криминал и до Државната комисија за спречување на корупција.

Подносителот посочува дека до Државниот просветен инспекторат на РСМ на ден 13.01.2025 година, поднел жалба против --------, заради криење на предмет од наставничкиот совет на училиштето и заради мобинг извршен од страна на наставник и директорот на истото училиште.

Од причина што не добил одговор од страна на Државниот просветен инспекторат, а потоа и по однос на доставени Ургенции, и по истекот на законски предвидените рокови, подносителот на ден 08.04.2025 година упатил Претставка до Инспекцискиот совет на РСМ, по што претставката од страна на Инспекцискиот совет била препратена до Државниот управен инспекторат заради надлежно постапување.

Заради провека на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Државен управен инспекторат.

По извршениот инспекциски надзор, од Државниот управен инспекторат до ДКСК доставен е Записник бр.ИП1 бр.12-609 од 19.05.2025 година во кој е наведено следното:

Инпекторатот констатира дека при вршењето на вонредниот инспекциски надзор не се утврдени неправилности во однос на постапувањето кај субјектот на надзор и управниот инспектор, по што постапувајќи по член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на РМ 102/19, 272/24 И 22/25), постапката била запрена.

Во прилог доставени се две Известувања истратени до подносителот -------- и тоа Известување број ИП1.бр.12-609 од 20.05.2025 година од Државниот управен инспекторат и Известување број 31-223/5 од 03.03.2025 година доставено од Државниот просветен инспектор, а во кои е содржана причината за задоцнетото постапување на наведените инспекторати и за преземените надлежни активности и мерки во однос на примената пријава.

Во врска со горенаведеното, ДКСК констатира дека наводите од пријавата кои се однесуваат на несоодветно постапување на Државниот просветен инспекторат, Државниот управен инспекторат и Инспекцискиот совет на РСМ, заради непревземени дејствија по поднесена Пријава од страна на Проф.д-р -------, не се потврдуваат, односно дека наведните надлежни инспекторати ги презеле потребните надлежни активности и доставиле известувања до подносителот на пријавата.

Имајќи предвид дека во член 45 став 3 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/2003, 114/2009, 181/2016, 189/2016 и 35/2018), е уредено дека Народниот правобранител формира посебно одделение за следење на состојбите и заштита на правата на децата како и на лицата со попреченост и посебно одделение за следење на состојбите и заштита од дискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, по разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи за вршење на мобинг од страна на наставникот по хемија и директорот на наведеното училиште надлежен орган да постапува е Народниот правобранител, поради што предметната пријава ќе се достави на понатамошно надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик – претседател

м-р Цвета Ристовска

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р, член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата